**EXIM IN REPUBLIC OF MACEDONIA - ONE-STOP SHOP FOR PERMITS FOR IMPORT, EXPORT AND TRANSIT OF GOODS AND TARIFF QUOTA**

**By: prof. Mirjana Sekulovska, PhD**
**University "St. Climent Ohridski"- Bitola**
**Macedonia**

## Abstract

EXIMprovidessearch bythe headingof the goodsand gettinginformationon whatpermits arerequired forimport,export ortransitthrough using theSearchoption. ThroughoptionTariffquotasunder the prescribedamounts oftariffquotas, the business community canbe informedabout whichtariffquotasand which countriesare available fordistribution.

EXIMenables electronicsubmission of applicationsfor permitsfor import,export andtransit of thebusiness community,as well as electronicissuanceof licenses bythe competentinstitutions.Through the system,applicants canmonitor the statusof processing oftheir claims, until their finalrelease.

ThroughEXIMimporterswill be ableto electronicallysubmit applicationsfor allocationof tariffquotasavailableunderthe tradeagreementsconcludedby the Republic ofMacedonia.The tariffquotason a dailybasis willbe allocatedaccording to the principle"firstcome, firstserved".

## Вовед

Во оваа ера на динамични промени кои се пропратен дел на живеењето, потребата за разновидни точни и прецизни информации станува неминовна појава. Организирањето на податоците, нивното навремено ажурирање, како и нивната адекватна употреба е од голема важност во секојдневниот живот, а особено за субјектите кои директно ќе ги користат придобивките на ова апликативно системско решение. Безбедноста на вака организираните податоци води до зголемена сигурност, која е од особена важност за институциите кои директно или индиректно ги употребуваат.

Со овој апликационен систем кој денес е достапен за секој корисник на било која точка на земјината топка,а со помош на WEB развојната околина која денес е тренд во сите земји на Светот, значително се зголемува ефикасноста во работењето. Брзо и навремено овој систем овозможува од далечина да се информираме.
Да аплицираме за сите потребни царински документи за увоз/извоз на стока од и кон Македонија, со што би се поедноставило креирањето на овие документи, а безбедноста на податоците значително би се подобрила.

На 22 декември 2008 година Царинската управа на Република Македонија како координатор на Проектот на Владата на Р. Македонија за воведување на едношалтерски систем EXIM, реализиран преку блиската соработка со Националната комисија за интегрирано гранично управување и подржан од Американската агенција за меѓународен развој USAID преку нејзините проекти за е-влада (e-gov) и деловно окружување (BEA) изврши негово јавно претставување пред претставниците на деловната заедница, претставниците на медиумите и корисниците на системот.

Преку воведување на новата електронска апликација (како дел од системот) се овозможува олеснување на деловното работење и забрзување на спроведувањето на постапките при увоз, извоз и транзит на стоки. Воспоставувањето и користењето на системот и апликацијата е пропишано со Уредбата на Владата на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр.134/08).

## Концепт на системот EXIM

Дефинирањето на концептот на едношалтерскиот систем претставува многу актуелно прашање, посебно во последните неколку години, а особено по 2002 година. Во Рамките на меѓународните институции се поставува прашањето за создавање на услови за олеснета, но истовремено и безбедна глобална трговија. Реализацијата на овој концепт претставува придонес кон исполнување на барањата од Рамката на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија на Светската царинска организација. Дефиниции за овој концепт се формулирани од страна на повеќе меѓународни организации како што се: Економската комисија на Обединетите нации (UNECE), Светската царинска организација (WCO), Европската унија и др.

Концептот претставува суштински дел на иницијативата за е-Царина (е-Влада). Неговата реализација е во склад со имплементацијата на проектот на ЕУ – е-Европа, посебно е-Влада, за поедноставена и безхартиена околина за царината и трговијата.[1]

**Причини за воведување на концептот и функционалност на системот**

Преку информацискиот систем EXIM, податоците и следењето на концептот, информациите и документите кои се потребни за трговските операции се поднесуваат на единствено место (преку персонален сметач од своите простории), по електронски пат за добивање на сите дозволи и согласности во постапката на увоз, извоз и транзит на стоки. Со системот се воведува електронски потпис како замена на своерачниот потпис, за институциите и компаниите, со што се следат современите стандарди и барања на меѓународната трговија. Со своите технички и функционални карактеристики системот овозможува понатамошно поврзување и интегрирање со други ИТ системи.

Можностите кои ги дава системот претставуваат олеснување при достапноста до потребните податоци и информации и нивната употреба, што пак на транспарентен начин го забрзува и поедноставува нивниот проток помеѓу јавниот и приватниот сектор. Системот придонесува за намалување на нетрговските бариери и истовремено придонесува кон поголемо искористување на современата технологија, техничката подготвеност и развој.

EXIM овозможува пребарување според тарифниот број на стоката и добивање информации за тоа кои дозволи се потребни за увоз, извоз или транзит преку користење на опцијата Пребарување. Преку опцијата Тарифни квоти, под Пропишани количини на тарифни квоти, деловната заедница може да се информира за тоа кои тарифни квоти и од кои земји се достапни за распределба.

EXIM овозможува електронско поднесување на барањата за дозволи за увоз, извоз и транзит од страна на деловната заедница, како и електронско издавање на дозволите од страна на надлежните институции. Преку системот, подносителите можат да го следат статусот на процесирање на нивните барања, се до нивното конечно издавање.

Преку EXIM увозниците ќе имаат можност електронски да поднесуваат барања за распределба на тарифните квоти достапни согласно трговските договори склучени од страна на Република Македонија. Тарифните квоти на дневна основа ќе бидат распределувани според принципот „прв дојден, прв услужен“.

Во системот се вклучени 16 државни институции кои имаат надлежност во спроведувањето на постапките за издавање на дозволи за извоз, увоз и транзит на стоки и распределба на тарифни квоти. Преку едноставна електронска комуникација се избегнува потребата од физичко доставување на барања и потребни документи. Исто така системот дава можност уплатите на пропишаните административни давачки да се вршат по електронски пат.

[1]извор: Весник царина на ЦУРМ, бр 7

## База на податоци и интернет апликација

Базата на податоци на која работи ова аликативно системско решение е од фамилијата на ORACLE и тоа верзија ORACLE 10g. Системот овозможува конзистентно екстрахирање наподатоците во XML, MS Excel и сл. формат на документи, преку кои размената на податоци со други системи е едноставна. Интегрираноста со постоечкиот податочен систем на Царинска Управа (ORACLE и INFORMIX) е беспрекорно овозможена по сите стандарди, со што работењето на апликацијата не го оптоварува централниот систем.

Интернет апликацијата, на Слика бр. 1, која е WEB базирана, му овозможува на корисникот, сите информации потребни за увоз/извоз/транзит на одредена стока да ги добие навремено без било какви чекања на редови. Исто така овозможена е проверка и одобрување на одредени апликации за лиценци и друга задолжителна документација, ажурирање на нови форми на барања ефикасно, брзо и едноставно, извештаи и другибитни документи за анализа. Пристапувањето до апликацијата е овозможено преку било кој интернет клиент.




**Слика бр. 1**

## Принципи на функционирање

Принципот на функционирање на системот е претставен подолу и го опишува целиот процес на комуникација на целото системско решение.

За да може корисникот да го користи ситемот потребен му е персонален компјутер кој е поврзан на Интернет или поврзан на Интранет мрежа која е поврзана на Интернет за да може да пристапи до серверот т.е. местото каде е поставена Интернет апликацијата.




**Слика бр. 2**

Корисникот може во секое време од било кој персонален компјутер поврзан на Интернет,да пристапи до апликацијата со што во зависност на корисничките права може беспрекорно да се движи и работи во апликацијата, менаџирајќи ги активностите кои му се достапни според привилегиите.

За да ги користат функционалностите на EXIM, компаниите треба да ги исполнат следните услови:

- ✓ Да имаат стабилна Интернет врска
- ✓ Да поседуваат валидна е-маил адреса
- ✓ Да поседуваат дигитален сертификат
- ✓ Да бидат регистрирани во системот
- ✓ Да имаат инсталирано подршка за JAVA 1.6
- ✓ Да имаат инсталирано македонска подршка за пополнување на обрасците

Единствено ограничување е доколку интернет конекцијата од клиентската страна е бавна, па со тоа и користењето на апликацијата може да биде успорено, но не и оневозможено.ISDN со брзина од 64kb за Интернет конекција е доволна за солидно користење на апликацијата.

Постојат 8 (осум) типа на корисницина EXIM, и тоа:

1. *Корисник од фирма* - има привилегии да работи со Лиценците и Венеси тарифни квоти
2. *Оператор на институција* - има привилегии да работи со Лиценците, Преглед Лиценци, Административни такси

3. *Оператор на царина* - има привилегии да работи со Тарифни квоти, Преглед лиценци и Административни такси

4. *Администратор од фирма* - ги има истите привилегии како и Обичен корисник со тоа што е додадена можност за администрација на Обични корисници

5. *Администратор на институција* - има привилегии да изврши Креирај нова лиценца, Поврзи лиценца со Т. Бр., Измени постоечка лиценца, Измени/Креирај постоечка лиценца, Претходна лиценца и Администрација

6. *Администратор на царина* - има привилегии да изврши Креирај нова лиценца, Поврзи Л-ца со Т. Бр., Измени постоечка лиценца, Измени/Креирај постоечка лиценца, Претходна лиценца, Администрација и Тарифни квоти

7. *Извештаи* - има привилегии да ги гледа извештаите внесени во системот

8. *Администратор на извештаи* - има привилегии да ги гледа извештаите внесени во системот и да администрира извештаи

Со можноста за рестрикривен пристап до модулите на апликацијата, создадена е целосна контрола во работниот процес на корисниците во системот, со што се зголемува безбедносниот степен на целокупното работење на системот и не само тоа, системот овозможува на лесен и едноставен начин администраторите или задолжените органи да вршат менаџирање на кориснички пристап (привилегии) до апликацијата.

**Дигитален сертификат (електронски потпис)**

Своерачниот потпис кој се става на хартиени документи не може да се примени на електронски документи и во интернет средина. Дигитален сертификат е средство кое содржи, односно го потврдува електронскиот потпис и го заменува своерачниот потпис за документите во електронски облик. Сертификатот може да се инсталира на компјутер. Исто така, може да се зачува на локална мрежа која може да се користи од повеќе компјутери. Најбезбеден и најсофистициран начин на чување на сертификатот е на надворешен електронски медиум, како што е токенот.

Во овој момент, EXIM поддржува потпишување на барања и дозволи со сертификат кој е инсталиран на компјутер, но наскоро ќе биде овозможено и користење на сертификат кој се чува на токен.За потребите на EXIM, треба да се набави сертификат за правно лице, бидејќи истите содржат информација за носителот на сертификатот (физичкото лице - потписник), како и за правното лице кое тоа го претставува.

**Resume**

EXIM system is a unique framework to access to all necessary information need to provide import, export, and transit licenses and tariff quotes. It is a single place for all necessary licenses and approvals in export, import and transit procedures.Service of the system is available 24/7.

Electronic signature on electronic papers or filled web forms that can be submitted, exchanged or issued through single window system are equivalent to handwriting signature signed on printed documents. Electronic documents in the system are equivalent to paper documents as well. Documents issued through EXIM are not necessary to be submitted with other customs documentation, as they are already available to customs workers.

There is also a possibility through EXIM for payment of statutory administrative taxes until the moment of license issuing. System allows the authorities to follow the electronic payments, which on the other hand leads to avoidance of physical delivery of payment certificates.

EXIM increases the efficiency in the license issuing process and allows on-line application for tariff quotes and on-line review on tariff quotes re-allocation.

Business community representatives can easy determine tariff number of the goods and also have an easy access to information which licenses or approvals are needed for import, export or transit of the goods, through an easy online search option. Also business community has a full time access to available import tariff quotes and they can also follow their current status from submitting to the time of issuing of the requested license.

**References**

1. Весник царина на ЦУРМ (Царинска Управа на Република Македонија), бр 7/2002

2. Службен Весник на РМ бр.134/08

3. www.exim.gov.mk

4. www.igu.gov.mk